**Известување за концентрација со кое ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги, Хрватска ќе стекне самостојна контрола индиректно над АМР Сајберсекјурити Лтд ОК (AMR Cybersecurity Ltd)**

**(Предмет бр. 08-149 од 2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со кое ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги со седиште во Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, преку своето индиректно зависно друштво ИНФИНУМ САЈБЕРСЕКЈУРИТИ БИДКО ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на Единица 2, улица Велер 14, Лондон, SE1 1QU, Англија *има намера да стекне самостојна контрола индиректно* над АМР Сајберсекјурити Лтд со регистрирана адреса на 3000А Парквеј, Вајтли, Хемпшир, ПО15 7ФИкс, ОК.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Регистрираната примарна дејност на ИНФИНУМ д.о.о. е компјутерско програмирање.

Примарната деловна активност на ИНФИНУМ САЈБЕРСЕКЈУРИТИ БИДКО ЛИМИТЕД,се консултантски активности во информатичката технологија.

Во Северна Македонија, ИНФИНУМ д.о.о. има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за производство, трговија и услуги ИНФИНУМ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13, 1000 Скопје и ЕМБС 6683150 со регистрираната приоритетна дејност 62.09 - останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Примарната дејност на АМР Сајберсекјурити Лтд е специјализирани услуги на сајбер безбедност.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се дефинира пазарот за инфраструктурен софтвер.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

06.11.2025 година,

Скопје